Macedonian

# Дали на моето дете му е потребна и втора година во забавиште?



Владата на Викторија обезбедува финансиски средства за да им помогне на децата да одат во забавиште во годината пред да тргнат на училиште.

Важно е децата да тргнат на училиште кога се спремни да учат во поофицијално опкружување. Па затоа е важно родителите да размислат кое е најдоброто време за нивното дете да тргне на училиште - зашто според тоа ќе се утврди и кое е најдоброто време за тргнување во забавиште.

Секое дете има право да посетува забавиште и втора година ако учителот оцени дека детето доцни во најмалку две развојни области и дека ќе му користи ако оди уште една година во забавиште. Областите што се оценуваат се грижата за себе, способноста за зборување и/или разбирање на јазикот, спознајниот (умствениот) развој, социјалниот развој и душевниот развој. Исто така може да бидат земени предвид и други чинители.

Има специфични напатствија кон кои учителите и родителите треба да се придржуваат за да им помогнат да ги утврдат потребите на детето и да поставаат соодветни цели за детето. Ваквата ситуација налага родителот и учителот тесно да соработуваат меѓу себе и отворено да разговараат. Со согласност и во советување со родителот, учителот прво врши оценување а, ако е потребно, може да побара поддршка и од други професионални лица за развој во раното детство (на пример, теренски службеници за претшколска возраст - Preschool Field Officers), а потоа испраќа изјава дека се исполнети условите до регионалната канцеларија на Одделот.

## Запомнете

- Размислете внимателно дали постои веројатност вашето дете да биде спремно да тргне на училиште, па според тоа и кое е најдоброто време за детето да посетува забавиште. Ако не сте сигурни, зборувајте со други луѓе што го познаваат вашето дете и во чија процена можете да имате доверба.
- Појдете во забавиште, или на информативен состанок, и распрашајте се за забавишната програма.
- Пред и по тргнувањето на вашето дете во забавишна програма, споделете ги отворено со учителот вашите грижи, размисли и идеи во врска со вашето дете.
- Ако ви се потребни појаснувања или натамошни информации кое е најдоброто време за да тргне вашето дете во забавиште, зборувајте со учителот на вашето дете, со координаторот за згрижување на деца или со медицинската сестра за здравјето на мајките и децата.

Иницијатива на владата на Викторија

Victoria
The Place To Be

© Оддел за образование и развој во раното детство, 2007 г.